# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Среда, 8 март 1967
Скопје
Број 10 Год. XXIII

Претплатата за 1967 год. изнесува 45 (4.500) дин. Овој број чини 0,64 (64) дин. Жиро сметка бр. 401-1-16.


**76.**

Врз основа на член 69 став 1 од Законот за самоуправување и работни односи во органите на управата („Службен весник на СРМ“ бр. 28/65), Извршниот совет донесува

### УРЕДБА
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА НАЈВИСОКИТЕ ИЗНОСИ НА ПАТНИ И ДРУГИ ТРОШОЦИ НА РАБОТНИЦИТЕ ВО РЕПУБЛИЧКИТЕ ОРГАНИ НА УПРАВАТА ШТО ИМ СЕ ПРИЗНАВААТ ВО МАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ

Член 1

Во Уредбата за највисоките износи на патни и други трошоци на работниците во републичките органи на управата што им се признаваат во материјални трошоци („Службен весник на СРМ“ бр. 37/65 и 18/66), во член 4 став 1 наместо „50“ се става „60“, а по зборот „работник“ точката се брише и се додаваат зборовите: „за службено патување во Републиката и 70 динари за службено патување надвор од Републиката“.

Член 2

Во член 5 став 3, наместо „50“ се става „60“, а по зборот „патување“ точката се брише и се додаваат зборовите: „во Републиката и 70 динари за службено патување надвор од Републиката“.

Член 3

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 09-2672/1-66
27 јануари 1967 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Никола Минчев,** с. р.

---

**77.**

Врз основа на член 42 став 1 точка 3 од Законот за високото школство во Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 15/65), Извршниот совет донесува

### РЕШЕНИЕ
### ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА МАНДАТОТ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТИ НА ОДДЕЛНИ ВИСОКОШКОЛСКИ УСТАНОВИ ВО СРМ

I. Мандатот на членовите на советите именувани на две години во одделни високошколски установи со решенија бр. 09-875/1 и 09-876/1 од 25. IX. 1964 г. им престанува на ден 31. X. 1966 година.

II. Се именуваат за членови на совети на одделни високошколски установи:

а) во Вишата школа за социјални работници во Скопје:

1. СЕДАТ ВЕЛИ, пратеник на Собранието на СРМ и

2. АЛОЈЗ ПИПАН, директор на Заводот за социјални прашања на СРМ.

б) Во Педагошката академија во Скопје:

1. АЛЕКСАНДАР АПОСТОЛОВ, доцент на Филозофскиот факултет и

2. ЏЕВДЕТ ЈОНУЗ, помошник директор во Основното училиште „Тефејус“ во Скопје.

III. Мандатот на именуваните членови трае две години.

IV. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 17-2567/4
7 декември 1966 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Никола Минчев,** с. р.

---

**78.**

Врз основа на член 2 став 4 од Законот за мерките за унапредување на сточарството и здравствената заштита на добитокот („Службен весник на СРМ“, бр. 36/66), Републичкиот секретар за земјоделство и шумарство донесува

### УПАТСТВО
### ЗА ОБРАСЦИТЕ НА РЕГИСТАРОТ НА ПРОИЗВОДИТЕЛИ НА ПРИПЛОДЕН ДОБИТОК И РЕГИСТАРОТ НА ПРОИЗВОДИТЕЛИ НА ЕЛИТЕН ПРИПЛОДЕН ДОБИТОК И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕТО НА РЕГИСТРИТЕ

1. Регистарот на производители на приплоден добиток и регистарот на производители на елитен приплоден добиток се устројува и води според одредбите на ова упатство.

2. Регистарот на производители на приплоден добиток се води по образец број 1, а регистарот на производители на елитен приплоден добиток по образец број 2 што се составни делови на ова упатство.

Во случај на пријава на поголем број производители на приплоден добиток кон регистарот се води и именик. Именикот се води по азбучен ред по називот односно името на производителот, или по регистарскиот број по кој се води во регистарот,

3. Регистрите од точка 1 од ова упатство се водат во форма на тврди укоричени книги чии страни се означени со редни броеви, прошиени и потпечатени.

Заверката на секоја книга ја врши Републичкиот секретар за земјоделство и шумарство.

4. На еден регистарски лист може да се впишуваат податоци само за еден производител на приплоден односно елитен приплоден добиток.

5. Во регистарот се внесуваат податоците предвидени со образецот како и промените што ќе настанат по впишувањето.

Промените надлежната организација ги впишува со денот кога е примена пријавата за промена.

Како ден за престанок важноста на впишувањето во регистарот на производители на приплоден односно елитен добиток се смета денот наведен во актот со кој се утврдува престанокот.

6. Впишувањето во регистарот се врши со црно мастило а исправките со црвено мастило.

Секоја исправка во регистарот мора да биде оверена од работникот кој го води регистарот.

7. Со пополнување на регистарскиот лист се отвара нов регистарски лист на кој се означува регистарската страна од која е извршен преносот на поранешниот регистарски лист.

8. Кон регистарот на производители на приплоден добиток и кон регистарот на производители на елитен приплоден добиток се формира документација за чување на пријавите и другите списи што се во врска со регистрите на производителите.

9. Ова упатство влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Број 05-147
15 февруари 1967 година
Скопје

Републички секретар
за земјоделство и шумарство,
**Инж. Драги Трајановски,** с. р.

Формат 50 x 40 Образец бр. 1

## РЕГИСТАР НА ПРОИЗВОДИТЕЛИ НА ПРИПЛОДЕН ДОБИТОК

| Реден број на уписот | Датум на уписот на производителот во регистарот | Број и датум на решението за упис | Назив и седиштето на работната организација односно фамилијарно и родено име на производителот со точна адреса | Кој вид и раса на добиток ќе произведува | Потпис на овластено лице кое извршило упис | Датум на бришењето на производителот од регистарот | Број и датум на решението за бришење на производителот од регистарот | Причини за бришење на производителот од регистарот | Промени | Потпис на овластеното лице за бришење од регистарот | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 |

Формат 50 x 40 Образец бр. 2

## РЕГИСТАР НА ПРОИЗВОДИТЕЛИ НА ЕЛИТЕН ПРИПЛОДЕН ДОБИТОК

| Реден број на уписот | Датум на уписот на производителот во регистарот на елитен приплоден добиток | Број и датум на решението за упис | Назив и седиштето на работната организација односно фамилијарно и родено име на производителот на елитен приплоден добиток со точна адреса | Кој вид и раса на добиток ќе произведува | Потпис на овластеното лице кое извршило упис | Датум на бришењето на производителот од регистарот | Број и датум на решението за бришење на производителот од регистарот | Причини за бришење на производителот од регистарот | Промени | Потпис на овластеното лице за бришење од регистарот | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 |

**79.**

Врз основа на член 72 став 4 од Законот за мерките за унапредување на сточарството и за здравствената заштита на добитокот („Службен весник на СРМ" број 36/66), Републичкиот секретар за земјоделство и шумарство пропишува

## УПАТСТВО
## ЗА ОБРАЗЕЦОТ НА ЛЕГИТИМАЦИЈАТА НА ВЕТЕРИНАРНИОТ ИНСПЕКТОР

1. Легитимацијата, со која се утврдува својството на ветеринарен инспектор, се издава според образецот кој е составен дел на ова упатство.

2. Големината на легитимацијата на ветеринарниот инспектор формат 10 x 7 сантиметри и нејзините корици се полутврди обоени со црвена боја.

3. Легитимацијата на ветеринарниот инспектор важи за календарската година во која е издадена односно за календарската година за кое е нејзиното важење продолжено, доколку изречно не е означен покус рок.

Продолжувањето рокот на важењето на легитимацијата го врши органот на управата кој ја издал легитимацијата.

4. Заменување на постојните легитимации ќе се изврши до 1. VII. 1967 година.

5. Ова упатство влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Број 01-94/1
— јануари 1967 година
Скопје

Републички секретар
за земјоделство и шумарство,
**Инж. Драги Трајановски,** с. р.

### ОБРАЗЕЦ

за легитимација на ветеринарен инспектор
(Прва страна на првата корица)
Легитимација
на ветеринарен инспектор
(Втора страна на првата корица)
Фотографија големина 6 x 4 сантиметри

---

(Своерачен потпис на инспекторот)
(Прва внатрешна страна)
Грб на СР Македонија

---

(Назив на органот што ја издал легитимацијата)
Легитимација
на ветеринарен инспектор
Бр. ——

---

(Втора внатрешна страна — празна)
(Трета внатрешна страна)

—————— дипломиран ветеринарен лекар е овластен да ги врши работите на —————— ветеринарен инспектор, според Основниот закон за мерките за унапредувањето на сточарството и за здравствената заштита на добитокот („Службен лист на СФРЈ" бр. 16/65 и 29/66) и Законот за мерките за унапредувањето на сточарството и за здравствената заштита на добитокот („Службен весник на СРМ" број 36/66).

—————— 196 —— год.

потпис на старешината на органот

---

(Четврта внатрешна страна)

Легитимацијата важи:

до —————— 196 —— година
М. П.

---

Потпис на старешината на органот

до —————— 196 —— година
М. П.

---

Потпис на старешината на органот

до —————— 196 —— година
М. П.

---

Потпис на старешината на органот

до —————— 196 —— година
М. П.

---

Потпис на старешината на органот

(Петта внатрешна страна)
(Шеста внатрешна страна)
(Седма внатрешна страна)
(Осма внатрешна страна)

Позначајни одредби од Основниот закон за мерките за унапредување на сточарството и за здравствената заштита на добитокот и Законот за мерките за унапредување на сточарството и за здравствената заштита на добитокот.

(Трета и четврта страна на кориците празни)

---

**80.**

Врз основа на член 2 став 2 од Законот за мерките за унапредување на сточарството и здравствената заштита на добитокот („Службен весник на СРМ" бр. 36/66), Републичкиот секретар за земјоделство и шумарство донесува

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ОРГАНИЗАЦИЈА ЗА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАРОТ НА ПРОИЗВОДИТЕЛИ НА ПРИПЛОДЕН ДОБИТОК И РЕГИСТАРОТ НА ПРОИЗВОДИТЕЛИ НА ЕЛИТЕН ПРИПЛОДЕН ДОБИТОК

1. За водење на регистарот на производители на приплоден добиток и регистарот на производители на елитен приплоден добиток се определува Републичкиот сточарски центар за селекција и вештачко осеменување — Скопје.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето и се објавува во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Број 05-147
15. II. 1967 година
Скопје

Републички секретар
за земјоделство и шумарство,
**Инж. Драги Трајановски,** с. р.

**81.**

Врз основа на член 9 став 2 од Законот за измени и дополненија на Основниот закон за пензиското осигурување („Службен лист на СФРЈ" бр. 1/67), а во врска со членот 175 став 1 од Основниот закон за пензиското осигурување („Службен лист на СФРЈ" бр. 51/64, 56/65, 14/66 и 1/67), Извршниот одбор на Собранието на Републичката заедница на социјалното осигурување на работниците на СРМ, на седницата одржана на 17. II. 1967 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗВРШУВАЊЕ РАБОТИТЕ ОКОЛУ ОРГАНИЗИРАЊЕТО НА СЛУЖБАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ ПЕНЗИСКИ СТАЖ КАЈ ЗАВОДИТЕ ЗА СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ

I

Сите комунални заводи за социјално осигурување на подрачјето на Републичката заедница на социјалното осигурување на СР Македонија и Републичкиот завод за социјално осигурување Скопје (во натамошниот текст: заводи), ќе организираат Служба за утврдување на пензискиот стаж (во натамошниот текст: служба) на начин и по постапката предвидени со прописите за водење на матичната евиденција.

Заводите ќе ја усогласат својата внатрешна организација со потребата за извршување надлежноста за утврдување на пензискиот стаж во срок од 30 дена од стапувањето во сила на оваа одлука.

II

Службата ќе ги прими од општинските комисии, односно од републичките комисии за утврдување на пензиски стаж, сите нерешени предмети од постапката за утврдување на пензискиот стаж, најдоцна до 31 март 1967 година.

Службата при Републичкиот завод за социјално осигурување при приемот на предметите од претходниот став ќе води сметка за срокот предвиден со член 202 од Основниот закон за пензиското осигурување.

III

Приемот на предметите за утврдување на пензискиот стаж ќе го изврши работникот на Заводот, овластен за тоа.

Приемот ќе се изврши на записник, кон кој се прилага пописот на предметите за утврдување на пензискиот стаж.

За секој предмет се формира попис на списите.

IV

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СР Македонија".

Бр. 02-630/1
17 февруари 1967 година
Скопје

Претседател,
**Стојче Николовски,** с. р.

**82.**

Врз основа на член 6 став 1 од Законот за избор на одборници на општинските собранија и Градското собрание на Скопје, Собранието на општината Идадија на 24-та заедничка седница на Општинскиот собор и Соборот на работните заедници одржана на 15. II. 1967 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА РАСПИШУВАЊЕ ИЗБОРИ НА ЕДНА ПОЛОВИНА НА ОДБОРНИЦИТЕ НА ОПШТИНСКОТО СОБРАНИЕ НА ОПШТИНАТА ИДАДИЈА — СКОПЈЕ

Се распишуваат избори на една половина на одборниците на Собранието на општината Идадија кои ќе се одржат во март и април 1967 година.

На 31 март 1967 година ќе се одржат избори за одборници на Соборот на работните заедници во изборните единици во кои се избрани одборници на 2 години и тоа:

I. Во групата стопанство

а) Во подгрупата индустрија во изборните единици број I, III, VI, VII, VIII, IX, XII, XIII, XX, XXII, XXVI, XXVII, XXVIII, XXX;

б) Во подгрупата земјоделство во изборната единица број I;

в) Во групата просвета и култура во изборните единици број I и II;

г) Во социјално-здравствената група во изборните единици број I и II;

д) Во групата јавни служби во изборните единици број I, II, V и VII.

На 2 април 1967 година ќе се одржат избори за одборници на Општинскиот собор во изборните единици во кои се избрани одборници на 2 години и тоа: број II — „Мирче Ацев", V — „Даме Крапчев", VI — „Миле Арсовски", VIII — „Тафталиџе", X — „Рампа", XI — „Козле", XIII „Карпош", XIV — „Нерези", XV — „Живко Брајковски", XVI — Воин Драшкоци", XVII — „Моша Пијаде", XXI — „Глумово", XXII — „Сарај", XXIII — „Буковиќ", XXIV — „Семениште" и XXV „Ласкарци".

Како ден од кој почнуваат да течат роковите за преземање одделни дејствија се смета наредниот ден од денот на донесувањето на решението.

Ова решение влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 3539
15. II. 1967 година
Скопје

Претседател
на Собранието на општината Идадија
**Томислав Папеш,** с. р.

83.

Врз основа на член 6 став 1 од Законот за избор на одборници на општинските собранија и Градското собрание на Скопје („Службен весник на СРМ“ број 8/65), Собранието на општината Кавадарци на заедничката седница на Општинскиот собор и Соборот на работните заедници, одржана на 15. II. 1967 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА РАСПИШУВАЊЕ НА ИЗБОРИ ЗА ОДБОРНИЦИ НА СОБРАНИЕТО НА ОПШТИНАТА КАВАДАРЦИ

1. Се распишуваат избори за одборници на Општинскиот собор и Соборот на работните заедници на Собранието на општината Кавадарци во изборните единици во кои мандатот на одборниците е утврден на две години.

2. Изборите за одборници во Општинскиот собор ќе се одржат во следните изборни единици: с. Марена, Глишиќ, Манастирец и Рибарци, Возарци и Брушани, Росоман и Крушевица, Дреново, Драдња и Добротино, Праведник и Шешково, Ресава и Дабниште, Галиште, Бојанчиште и Куманичево, Горна и Долна Бошава, Страгово, Кавадарци II-а реон, Кавадарци IV-а реон и Кавадарци V реон.

3. Изборите за одборници во Соборот на работните заедници ќе се одржат во следните изборни единици:

**Група стопанство**

**а) Подгрупа индустрија**

ШИК „Страшо Пинџур“ погон шперт плочи и монтажа, ШИК „Страшо Пинџур“ погон фурнир, работничка менза, набавно одделение, општа управа и шумски ревир Кавадарци, ШИК „Страшо Пинџур“ шумски ревир Конопиште, Геолошки завод с. Возарци, Автотранспорт и Југопетрол, Градежното претпријатие „Тунелоградња“, „Машиноремонт“ и „Црвена ѕвезда“, претпријатието „Алшар“ рудник за талк „Кесендре“ и претпријатието за јавни патишта, „Житомакедонија“ филијала Кавадарци, трговското претпријатие „Култура“, Електромакедонија — деловница Кавадарци, трговското претпријатие „Михајлово“, Деловната делница за ПТТ услуги Кавадарци, печатницата „Даскал Камче“ Кавадарци, и ХЕЦ „Лукар“ с. Конопиште, трговското претпријатие „Огрев“, занаетчиското претпријатие „Даб“ и „Тиквешанка“.

**б) Подгрупа земјоделство**

Земјоделското стопанство „Сопотско Поле“ с. Сопот, Земјоделската задруга „Кавадарски грозд“, Институтот за маслодајни култури, Ветеринарната станица и Земјоделската задруга „Димката Ангелов — Габерот“ с. Ваташа, Земјоделската задруга „Лазо Филиповски — Лавски“ с. Сирково, Водостопанското претпријатие „Тиквешко Поле“ Кавадарци, Земјоделската задруга „Единство“ с. Трстеник и Земјоделската задруга „Пролетер“ с. Шивец.

**Група просвета**

Гимназија со економското училиште „Јосип Броз Тито“ Кавадарци, Индустриското училиште „Киро Спанџов — Брко“ Кавадарци и Основното училиште „Дешка Тошева“ с. Бегниште, Основното училиште „Страшо Пинџур Кавадарци и Основното училиште „Страшо Пинџур“ с. Дреново, Основното училиште „Димката Ангелов Габерот“ Кавадарци и Основното училиште „Димката Ангелов Габерот“ Ваташа.

**Социјално-здравствена група**

Медицинскиот центар — Служба за општа медицина и управа, Комуналниот завод за социјално осигурување — Филијала Кавадарци, Аптеката „16 јуни“, Детската градинка и јасли „Рада Поцева“ и Општинскиот одбор на Југословенскиот црвен крст во Кавадарци.

**Група јавни служби**

Органите на управата на Собранието на општината Кавадарци, Ловечкото здружение, Општинскиот синдикален совет, противпожарната единица, Народната техника и Геодетската секција.

4. Изборите за одборници на Општинскиот собор на Собранието на општината Кавадарци ќе се одржат на 2. IV. 1967 година.

5. Изборите за одборници на Соборот на работните заедници на Собранието на општината Кавадарци ќе се одржат на 31. III. 1967 год.

6. Како ден од кој почнуваат да течат роковите за преземање на одделни изборни дејства се смета 16 февруари 1967 година.

7. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр. 01-922
15 февруари 1967 година
Кавадарци

Претседател
на Собранието на општината Кавадарци,
**Каров Вуко,** с. р.

84.

Врз основа на член 6 став 1 од Законот за избор на одборници на општинските собранија и Градското собрание на Скопје („Службен весник на СРМ“ бр. 2/65 година), Собранието на општината Струга на својата 43-та заедничка седница на Општинскиот собор и Соборот на работните заедници, одржана на 15. II. 1967 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА РАСПИШУВАЊЕ ИЗБОРИ НА ЕДНА ПОЛОВИНА НА ОДБОРНИЦИ НА СОБРАНИЕТО НА ОПШТИНАТА СТРУГА

1. Се распишуваат избори за одборници на Собранието на општината Струга.

2. Изборите за одборници на Општинскиот собор на Собранието на општината Струга ќе се одржат на ден 2. IV. 1967 година.

3. Изборите за одборници на Соборот на работните заедници на Собранието на општината Струга ќе се одржат на ден 31. III. 1967 година.

4. Како ден од кој почнуваат да течат роковите за преземање одделни изборни дејства се смета денот на донесувањето на ова решение.

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 01-970/1
16 февруари 1967 година
Струга

Претседател
на Собранието на општината Струга,
**Трајан Хиохи**, с. р.

**85.**

Врз основа на член 6 став 1 од Законот за избор на одборници на општинските собранија и Градското собрание на Скопје, член 157 точка 23 од Статутот на општината Кале, Собранието на општината Кале, на 30-та заедничка седница на Општинскиот собор и Соборот на работните заедници, одржана на ден 14. II. 1967 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА РАСПИШУВАЊЕ НА ИЗБОРИ ЗА ОДБОРНИЦИ НА СОБРАНИЕТО НА ОПШТИНАТА КАЛЕ

1.) СЕ РАСПИШУВААТ избори за одборници на Општинскиот собор и Соборот на работните заедници на Собранието на општината Кале во изборните единици во кои мандатот на одборниците е утврден на 2 години.

2.) Изборите за одборници во Општинскиот собор ќе се одржат во следните изборни единици:

Изборна единица 1 — која ги опфаќа населените места Булачани и Раштак, избира 1 одборник.

Изборна единица 3 која ги опфаќа населените места Љубанци и Бродец, избира 1 одборник.

Изборна единица 5, која го опфаќа населеното место Брест, избира еден одборник.

Изборна единица 7 која ги опфаќа населените места Бразда, Глуво и Горно Оризари избира 1 одборник.

Изборна единица 9 која ги опфаќа населените места Бањани, Чучер и Горњани, избира 1 одборник.

Изборна единица 11 која го опфаќа населеното место Блаце, избира 1 одборник.

Изборна единица 12 која ги опфаќа населените места Арачиново, Грушино, Орланци и Мојанци, избира 1 одборник.

Изборна единица 15 која ги опфаќа населените места Кадино и Мралино, избира 1 одборник.

Изборна единица 17 која ги опфаќа населените места Белимбегово, Марино, Ајватовци и Бунарџик, избира 1 одборник.

Изборна единица 18 која ги опфаќа населените места Миладиновци, Бујковци и Текија, избира 1 одборник.

Изборна единица 21 која ги опфаќа населените места Средно Коњаре, Долно Коњаре и Горно Коњаре, избира 1 одборник.

Изборна единица 23 — „Кирил и Методија" која го опфаќа подрачјето на улиците: 81, 82, 85, 88, 86, 87, 370, 84, 83, 89, 100, (56—58), 95, 96, 97, 94, 375, 92, 91, 101, 99, 99 бис, 388, 106, 106-а, 394, (од 1—35), 101 бис, 90, 371, 394 (од 2 до 50), 98, 102а, 102, 93, 104, 408, 186, 185, 105, 109 и 386 (од 1—47), избира 2 одборника.

Изборна единица 26 — „Кирил Петрушев" која го опфаќа подрачјето на улиците: 199, 404, 118 (од 1 до 49 и од 2 до 40), 125 (од 15 до 69 и од 10—42), 127, 100 (од 128 до крај и од 93 до крај), улица „363", 377, 365, 364, 369, 383, 400 и 100 (од 98 до 126), избира 2 одборника.

Изборна единица 30 „Цветан Димов" која го опфаќа подрачјето на улиците: 142 (од 64 до крај и од 67 до крај), 212, 786, 787, 788, 211, 399, 143 бис (од 45 до крај и од 44 д о крај), 143, 129, 143 бис (од 1 до 45 и од 2 до 40), избира 3 одборника.

Изборна единица 3 — „Пролетер" која го опфаќа подрачјето на улиците: 790, 118 (од 51 до крај и од 44 до крај), улица „376" (од 123 до крај и од 221 до крај) и населбата „Пролетер", „Шуто Оризари", Калајџиев гроб и Визбегово, избира 2 одборника.

Изборна единица 35 — „Стара нова бања" која го опфаќа подрачјето на улиците: 161, 162, 163, 164, 165, 166, 167, 168, 169, 170, 171, 172, 173, 180, 181, 182, 183, 184, 187, 188, 361, 372, 390, 403, 595, 602, 373, 164, 375 (од 46 до крај) и 386 од (2 до 60), избира два одборника.

Изборна единица 38 — „Лирија" која го опфаќа подрачјето на улиците: 136, 146 бис, 151, 151 бис, 153, 154, 385, 392, 393, 135 (од 1 до 86), 141 (од 112 до крај и од 171 до крај), 148 (92 до крај и од 73 до крај), 150 (од 72 до крај и од 73 до крај), 146 (од 1 до 59 и од 2 до 90), 160 (од 61 до 95 и од 60 до 68), избира 3 одборника.

Изборна единица 40 — „Аутокоманда" која го опфаќа подрачјето на улиците: 545, 624, 800, 801, 802, 803, 804, 805, 806, 807, 811, 812, 813, 814, 810, 820, 577 и бараките на Комбинатот Водно, Завод Тито, Алкалоид и ЕМСУС, избира 4 одборника.

Изборната единица 43 — Маџари II, која го опфаќа подрачјето на улиците: 853, 854, 855, 856, 857, 858, 859, 860, 861, 862, 863, 864, 873, 866, 874, 875, 876, 877, 878, 867, 869, 871, 879, 880, 872, 870, 868, 866, 881, 882, 884, 886, 892, 890, 888 и бараките на Техноградња — Сплит и ГАСП, избира 3 одборника.

Изборна единица 44 — „Железара" која го опфаќа подрачјето на улиците 815, 816, 817. 818, 819, 800 и бараките на Трудбеник, избира 1 одборник.

Изборна единица 45 Бутел II која го опфаќа подрачјето на улиците 886, 887, 888, 889, 890, 891, 892, 893, 894, 895, 896, 788, само парните броеви до новиот пат за Железара, 135 (од 20 егејски згради до крај и од 149 до крај) и новата населба Чаир, избира 2 одборника.

3) Изборите за одборници на Соборот на работните заедници ќе се одржат:

## I. ГРУПА СТОПАНСТВО

а — подгрупа индустрија

Изборна единица 3 — која ја опфаќа работната организација Далеководи и трафостаници и погонот на Аутотурист, избира еден одборник.

Изборна единица 5 — која го опфаќа претпријатието Градска чистоќа, избира еден одборник.

Изборна единица 7 — која ги опфаќа работните организации: Јорганџиското претпријатие „Слога", „Наше Дете", Молеро-фарбарската задруга „Ристо Равановски", Водоинсталатерската задруга „Кале", Инвалидското претпријатие „Биљана", избира еден одборник.

Изборна единица 9 — која ги опфаќа работните организации: „Интерпромет", „Скопски магазин", Столарската задруга „Македонија", Книжарското претпријатие „Младина", избира два одборника.

Изборна единица 11 — која ги опфаќа работните организации: градежен погон на Управата за управување со деловните згради и простории „26 јули", Претпријатието „Оџачар", Столарската задруга „Просперитет", Претпријатието „Метал", Електро механичкиот сервис, Велосипедската работилница „Спорт", Претпријатието „Колектив", Задругата „Партизан", Папуџиската задруга „Братство", избира 1 одборник.

Изборната единица 13 — која ги опфаќа работните организации: ТЕЦ Маџари, Стовариштето за стакло Парачин, Конзумната млекара, Агросервис ЗИК, КПД Петровец, поштите Петровец, Катланово, прет. за јавни патишта од I и II ред, железничките станици Маџари, Белимбегово, Миладиновци и Дељадровци, избира 1 одборник.

Изборна единица 15 — која ги опфаќа работните организации: Комбинатот „Водно", Фабриката за кожи и туткал „Гоце Делчев", Стовариште „Македонија дрво", Трговско претпријатие „Тара", „Дрвопромет и „Леснина", избира 3 одборника.

Изборна единица 16 — која ја опфаќа работната организација Ладилник и Кланица, избира 1 одборник.

Изборна единица 18 — која ги опфаќа работните организации: фабриката „Европа", погон „Лукс" и „КИС", избира 1 одборник.

Изборна единица 19 — која ги опфаќа работните организации: ГАСП, Македонски фолклор, Алкалоид, Товарна станица, Претставништвото „Словенијалес" и Фабриката за ориз, избира 2 одборника.

Изборна единица 22 — која ги опфаќа работните организации: АТШ „Пролетер", Металното претпријатие „Коце Металец", фабриката „Глорија" и мелниците „Македонија" и „Скопје", избира 1 одборник.

Изборна единица 23 — која ги опфаќа работните организации: „Рудници и Железарница", „Ѓуро Ѓаковиќ", избира 3 одборника.

Изборна единица 24 — која ја опфаќа работната организација „Трудбеник", избира еден одборник.

Изборна единица 25 — која ги опфаќа работните организации: погон на Градежното претпријатие „Пелагонија", Термо електро — Белград, Градежен погон „Маврово", избира 2 одборника.

Изборна единица 27 — која ги опфаќа работните организации: градилиште „Бетон", Градежното претпријатие „Вијадукт", Фабриката за конструкции „Метална", Фабриката за конструкции „14 октомври", „Гоша", Металната индустрија од Ниш, „Браќа Кабуриќи", „Текол" од Љубљана, Техноградња Сплит, избира 1 одборник.

Изборна единица 29 — која ги опфаќа работните организации: „Светлост", преставништво „Космет шпер", продавницата „Јавор", Центар за занаетски услуги Аутокоманда, Центар за исхрана на деца и младинци Скопје и Центар за занаетчиски услуги „Грамос", избира 1 одборник.

б) подгрупа земјоделство

Изборна единица 1 — која ги опфаќа работните организации: „ЗЗ Кадино", Ратарство Петровец, Лозарство Р'жаничино, Фазанерија, Факултетско стопанство Трубарево и КПД Економија, избира еден одборник.

Изборна единица 3 — која ги опфаќа работните организации: ЗЗ Мршевци, Лозарство Мршевци, Лозарство Миладиновци, Лозарство Арачински Рид, избира еден одборник.

Изборна единица 6 — која ги опфаќа работните организации: ЗЗ Башинец, Погон Бутел на ЗИК, избира еден одборник.

## II. ГРУПА ПРОСВЕТА И КУЛТУРА

Изборна единица 2 — која ги опфаќа работните организации: Основното училиште „Кирил и Методија", Економското училиште „Моша Пијаде", Гимназијата „Орце Николов", Едногодишното дактилографско училиште, Спортскиот центар Кале, Малцинскиот театар, „Јане Сандански", музеите, Уметничката галерија, Сојузот на слепите на Македонија, Кочо Рацин, Училиштето „Лирија", избира 2 одборника.

Изборна единица 4 — која ги опфаќа работните организации: Универзитетска библиотека, Државниот архив, библиотеката „Цветан Димов", забавиштето „Детска радост", албанската учителска школа „Зеф Љуш Марку", училиштето „Стив Наумов", Културниот дом „Димитар Влахов", училиштето „Климент Охридски", училиштето Маџари II, Земјоделско шумарски факултет, избира 1 одборник.

Изборна единица 7 — која ги опфаќа работните организации: ЕМСУЦ со интернатот, Сообраќаен училишен центар, Заводот за воспитување на запуштени деца, избира 1 одборник.

## III. СОЦИЈАЛНО ЗДРАВНА ГРУПА

Изборна единица 1 — која ги опфаќа работните организации: Домот за народно здравје Кале, Аптеките „4 јули", „13 ноември", „Братство Единство", детските јасли „Раде Корчагин", Центарот за социјални работи Кале, Домот за деца без родители „11 октомври", избира 1 одборник.

Изборна единица 3 — која ги опфаќа работните организации: Домот за народно здравје Петровец, аптеката Петровец, Катлановската Бања, Домот за старци Катланово, избира 1 одборник.

IV. ГРУПА ЗА ЈАВНИ СЛУЖБИ

Изборна единица 2 — која ги опфаќа работните организации: Врховниот суд на СРМ, Окружниот суд, Општинскиот суд I, Вишиот стопански суд на СРМ, Јавното правобранителство на СРМ, Јавното обвинителство на СРМ, Окружното јавно обвинителство, Општинскиот суд II, избира 1 одборник.

Изборна единица 4 — која ги опфаќа работните организации: КПД Идризово, Истражниот затвор Идризово, Прифатилиштето и работните луѓе од Петровец, избират 2 одборника.

4. Изборите за одборници на Општинскиот собор ќе се одржат на 2. IV. 1967 година.

5. Изборите за одборници на Соборот на работните заедници ќе се одржат на 31. III. 1967 година.

6. Како ден од кој почнуваат да течат роковите за преземање на одделни изборни дејства се смета 16. II. 1967 година.

7. Ова решение влегува во сила сò денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Број 02-29/11
14. II. 1967 година
Скопје

Претседател,
**Ѓорѓи Ѓеоргиевски,** с. р.

**86.**

Врз основа на член 6 став 1 од Законот за избор на одборници на општинските собранија и Градското собрание на Скопје („Службен весник на СРМ", бр. 8/65 год.), Собранието на општината — Дебар на 46-та заедничка седница на Општинскиот собор и Соборот на работните заедници, одржана на ден 15. II. 1967 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА РАСПИШУВАЊЕ ИЗБОРИ НА ЕДНА ПОЛОВИНА НА ОДБОРНИЦИ НА ОПШТИНСКОТО СОБРАНИЕ — ДЕБАР

I. На 31 март 1967 година ќе се одржат избори за одборници на Соборот на работните заедници на Собранието на општината — Дебар во изборни единици:

а) ГРУПА СТОПАНСТВО

1. **Во подгрупа индустрија:**

1. Изборна единица бр. 1 — Индустрија за теписи „Новост" — Дебар избира 2 одборника.

2. Изборна единица бр. 2 — Фабрика за гипс „Радика" — Дебар избира 1 одборник.

3. Изборна единица бр. 3 — Градежно претпријатие „Кораб" — Дебар избира 1 одборник.

4. Изборна единица бр. 4 — Приватно занаетчиство — Дебар избира 1 одборник.

5. Изборна единица бр. 5 М. Т. П. „8-септември" — Дебар избира 1 одборник.

6. Изборна единица бр. 6 Комерцијална банка Ек. — Дебар избира 1 одборник.

7. Изборна единица бр. 7 — А. Т. П. „Прогрес" — Дебар избира 1 одборник.

2. **Во подгрупа земјоделство:**

1. Изборна единица бр. 1 — Земјоделска задруга „Прогрес" — Дебар избира 1 одборник.

2. Изборна единица бр. 2 — Шумско стопанство „Стогово" — Дебар избира 1 одборник.

3. Изборна единица бр. 3 — Земјоделска задруга „Нов живот" — Папрадник избира 1 одборник.

4. Изборна единица бр. 4 — Земјоделска задруга „Црни Дрим" — Џепиште избира 1 одборник.

б) ГРУПА СОЦИЈАЛНО-ЗДРАВСТВЕНА

1. Изборна единица бр. 1 — Дом за народно здравје — Дебар избира 1 одборник.

в) ГРУПА ЈАВНИ СЛУЖБИ

1. Изборна единица бр. 1 — Општинско собрание — Дебар избира 1 одборник.

На 2 април 1967 година ќе се одржат избори за одборници на Општинскиот собор на Собранието на општината — Дебар во изборните единици:

1. Изборна единица бр. 1 — I-реон — Дебар избира 1 одборник.

2. Изборна единица бр. 2 — II-реон — Дебар избира 2 одборника.

3. Изборна единица бр. 3 — III-реон — Дебар избира 1 одборник.

4. Изборна единица бр. 5 — с. Спас и Селокуќи избира 1 одборник.

5. Изборна единица бр. 6 — с. Коњари и Бомово избира 1 одборник.

6. Изборна единица бр. 7 — с. Горенци и Баланци и Житинани избира 1 одборник.

7. Изборна единица бр. 8 — с. Броштица избира 1 одборник.

8. Изборна единица бр. 10 — с. Г. Папрадник избира 1 одборник.

9. Изборна единица бр. 11 — с. Брештани, Коџаџик, Елевци, Долгаш, Осолница и Праленик избира 1 одборник.

10. Изборна единица бр. 13 — с. Џепишта и Отишани избира 1 одборник.

11. Изборна единица бр. 14 — с. Долно и Горно Косоврасти избира 1 одборник.

12. Изборна единица бр. 15 — с. Горно и Долно Мелничани избира 1 одборник.

13. Изборна единица бр. 16 — с. Могорче, Осој и Гари избира 1 одборник.

II. Како ден од кој почнуваат да течат роковите за преземање одделни дејствија се смета првиот нареден ден на донесувањето на ова решение.

III. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општината — Дебар".

Бр. 01-536/1
15. II. 1967 година
Дебар

Претседател
на Општинското собрание,
**Абдул Војника,** с. р.

**87.**

Врз основа на член 6 став 1 од Законот за избор на одборници на општинските собранија и Градското собрание на Скопје („Службен весник на СРМ“ бр. 8/65 год.), Собранието на општината Крушево на заедничка седница на Општинскиот собор и Соборот на работните заедници, одржана на 15. II. 1967 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА РАСПИШУВАЊЕ ИЗБОРИ ЗА ОДБОРНИЦИ НА СОБРАНИЕТО НА ОПШТИНАТА КРУШЕВО

1. СЕ РАСПИШУВААТ избори за одборници на Собранието на општината Крушево.

2. Изборите за одборници на Општинскиот собор на Собранието на општината Крушево ќе се одржат на 2 април 1967 година.

3. Изборите за одборници на Соборот на работните заедници на општината Крушево ќе се одржат на 31 март 1967 година.

4. Изборите ќе се одржуваат во изборните единици кои што спрема Одлуката за утврдување изборни единици за избор на одборници на Собранието на општината Крушево бр. 01-146/1 од 10. II. 1965 година, се одредени за реизборност во 1967 год.

5. Како ден од кој почнуваат да течат роковите за преземање одделни изборни дејствија се смета денот на донесувањето на ова решение.

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Решението да се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 01-257/1
15. II. 1967 година
Крушево

Претседател
на Собранието на општината,
**Ванѓел Мандиловски,** с. р.

**88.**

Врз основа на член 6 став 1 од Законот за избор на одборници на општинските собранија и Градското собрание на Скопје, Собранието на општината — Кичево на заедничката седница на Општинскиот собор и Соборот на работните заедници, одржана на 14. II. 1967 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА РАСПИШУВАЊЕ ИЗБОРИ ЗА ИЗБОР НА ЕДНА ПОЛОВИНА ОДБОРНИЦИ НА ОПШТИНСКОТО СОБРАНИЕ НА ОПШТИНАТА — КИЧЕВО

Се распишуваат избори за избор на една половина одборници на Општинското собрание на општината — Кичево кои ќе се одржат во текот на месец март и април 1967 година.

На 31 март 1967 година ќе се одржат избори за избор на една половина одборници на Соборот на работните заедници на Општинското собрание во изборните единици на кои мандатот им престанува и тоа:

I. ВО ГРУПАТА СТОПАНСТВО

а) Во подгрупата индустрија во изборните единици број 1, 3, 8, 11, 13 и 14;

б) Во подгрупата земјоделство во изборните единици број 17, 20 и 21.

II. ВО ГРУПАТА ПРОСВЕТА И КУЛТУРА во изборните единици број 3, 5 и 6.

III. ВО СОЦИЈАЛНО-ЗДРАВСТВЕНАТА ГРУПА во изборната единица број 1.

IV. ВО ГРУПАТА ЈАВНИ СЛУЖБИ во изборните единици број 2 и 3.

На 2 април 1967 година ќе се одржат избори за одборници на Општинскиот собор на Собранието на општината на кои мандатот им истекува во изборните единици број 1, 2, 4, 5, 7, 10, 11, 14, 17, 19, 22, 25, 27, 29 и 32.

Како ден од кој почнуваат да течат роковите за преземање одделни дејствија се смета 16 февруари 1967 година.

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 02-549/1
14. II. 1967 година
Кичево

Претседател,
Дип. Инж. **Трајко Апостолоски,** с. р.

# *Огласен дел*

## РЕГИСТАР НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА И ДУЌАНИТЕ

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации на 14. III. 1966 година, страна 257, под реден број 1, е запишана под фирма: Пословница — филијала на Деловното здружение за земјоделски производи „Агро-Македонија“ — Скопје, со седиште во Штип.

Пословницата ќе ги врши следните дејности:
— репродукциони материјали;
— механизирани средства за земјоделието;
— сите видови градежен материјал;
— сите видови семиња, овоштен и лозов посадочен материјал како и парковски и шумски материјал;
— сите видови помошен материјал за поледелство;
— сите видови вештачки ѓубриња од домашно и странско производство;
— сите видови средства за заштита на растенијата од домашно и странско производство;
— сите видови опрема, механизација, транспортни превозни средства (нова и употребувана);
— сите видови на резервни делови за опрема и механизација;
— кабаста и концентрирана добиточна храна;
— приплоден и товен добиток (ситен и крупен);
— добиточни производи во пресна или преработена состојба;
— сите видови месо во пресна или преработена состојба;
— сите видови амбалажа за земјоделско производство на домашниот или странскиот пазар;
— пласман на откупени земјоделски производи, поледелски, индустриски, градинарски, овоштаро-лозарски и добиточни и преработки од пре-

храбената индустрија на земјоделското производство за домашниот и странскиот пазар;

— врши стопански услуги околу опремувањето и транспортирањето на земјоделски производи, репродукциони материјали и средства за инвестициона опрема и резервни делови. Може да склучува договори со веќе постојните соодветни претпријатија за извршување на горенаведените цели;

— врши стопански услуги, набавка и транспортирање на сите видови горива и мазива за потребите на стопанските организации и членките на Здружението со конкретно овластување и според условијата дадени од нив;

— основа и организира разни свои организации, сервисни лаборатории, складишта, агенции, претпријатија, продавници и др.;

— врши и останати услуги од областа на земјоделското производство и прометот;

— сервисирање од други организации-членки на Здружението;

— врши разни други услуги на членките, во рамките на задачите на Здружението;

— организира заедничко користење на складишта, опрема и уреди на членките-кооперанти;

— соработува со соодветни надлежни органи со цел за поефтинување на средствата за производство, репродукционен материјал, резервни делови и др.;

— работи на организирање фабрички консигнации, складишта за резервни делови и ремонтни работилници.

Шеф на филијалата е Ванчо Мацунаров, кој ќе ја потпишува во комерцијалните услуги, а жиро сметката ќе ја потпишуваат овластените потписници на Здружението.

Впишувањето во регистарот е извршено врз основа на одлуката од Извршниот одбор на Здружението од 13. X. 1965 година и решението број 54 од 1 III. 1966 година за назначување шеф на филијалата.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи бр. 71/66. (1079)

---

